**Влада на Република Северна Македонија**
Бр.4401-17/19

# З А П И С Н И К
од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 март 2020 година

Скопје, март 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2020 година

Седницата започна во 16:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија.

*
*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Акционен план од Главниот штаб за управување со кризи за превенција и справување со појавата и ширењето на Коронавирусот COVID-19 на дел од територијата на Република Северна Македонија на кои постои кризна состојба, на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа, како и нови дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на Коронавирус COVID-19

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*
*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа Акциониот план од Главниот штаб за управување со кризи за превенција и справување со појавата и ширењето на Коронавирусот COVID-19 на дел од територијата на Република Северна Македонија на кои постои кризна

состојба, на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа и притоа заклучи истиот да се измени и дополни со следниве укажувања:

- Акцискиот план да се преработи согласно ново дадените препораки од страна на Министерството за здравство.

- Работата на производствените капацитети на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа да биде дополнително координирана со посебен режим на работа согласно дејноста која ја остваруваат.

- Да се прифати понудата од телекомуникациските оператори и да се дефинираат четири најбитни мерки/препораки кои треба да бидат испратени преку смс пораки до граѓаните.

- Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, за подрачје Дебар и Центар Жупа, за време на овој период, да постапува приоритетно согласно задолжителното упатство, по предмети и постапки поврзани со настанатата состојба.

- Се препорачува на Судскиот совет на Република Северна Македонија, да даде наредба за работа на судот во општина Дебар по истиот принцип како даденото задолжително упатсво на Јавното обвинителство.

- Се задолжува Министерството за одбрана да изврши итна набавка на средства за дезинфекција за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување и Армијата на Република Северна Македонија. Согласно ова, се задолжува Бирото за јавни набавки да даде дозвола за итна набавка.

Согласно овие изменувања и дополнувања, Главниот штаб за управување со кризи да го измени и дополни Акцискиот план за превенција и справување со појавата и ширењето на Коронавирусот COVID-19 на дел од територијата на Република Северна Македонија на кои постои кризна состојба, на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа.

*

* *

Дополнително, во врска со потребата од преземање нови дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на Коронавирусот COVID-19 и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Владата формира Главен координативен кризен штаб, со кој ќе раководи претседателот на Владата на Република Северна Македонија и во состав од сите заменици на претседателот на Владата, министерот за здравство, министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, министерот за транспорт и врски, министерот за финансии, министерот за образование и наука, министерот за надворешни работи, директорот на Центарот за управување со кризи и директорот

на Дирекцијата за заштита и спасување, со цел обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

По потреба, во зависност од ситуацијата, во работата на Главниот координативен кризен штаб може да се вклучат и други надлежни институции и стручни лица.

Главниот координативен кризен штаб да се состанува на дневна основа, претпладне, во просториите на Владата на Република Северна Македонија, веднаш по одржување на состанокот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

2. Да се затворат сите копнени гранични премини во Република Северна Македонија за премин на патници и возила, освен граничните премини Табановце, Деве Баир, Ќафасан, Богородица и Блаце кои ќе бидат отворени за премин. На граничните премини во Република Северна Македонија кои се затворени за премин на патници и возила да се дозволи исклучиво премин на товарни возила.

3. Да се затвори аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид и граничниот премини на овој аеродром, во рок од 48 часа од донесувањето на оваа наредена мерка.

4. Да се забрани влез на територија на Република Северна Македонија на странски државјани и од земјите со среден ризик согласно Листата на Светска здравствена организација објавена на веб страницата на Министерството за здравство, освен за оние странски државјани за кои Министерството за внатрешни работи ќе даде дозвола по претходно мислење од Главниот координативен кризен штаб кои ќе потврди дека постои посебен државен или економски интерес. Овие странски државјани да влезат во Република Северна Македонија под посебни услови за заштита согласно протоколот на Министерството за здравство.

5. Да се затворат за посетители сите продавници во молови на територијата на Република Северна Македонија, освен супермаркети, продавници за храна и аптеки во рамките на тие молови.

Сите други продавници – правни лица во рамките на тие молови можат да работат и да остваруваат продажба на алтернативен начин (преку онлајн нарачки, телефонски нарачки и сл) и да вршат достава на нарачките.

6. Се забранува работата на кафетерии, барови, клубови, казина и спортските обложувалници.

7. Да се затворат за посетители – гости сите угостителски објекти и ресторани кои вршат подготовка и продажба на храна, со тоа што ќе можат да работат без посета на посетители - гости и да остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн нарачки, телефонски нарачки и сл) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект или ресторан (преку штанд / пулт).“

Согласно овие мерки, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

8. Се задолжува Министерството за здравство, на секој наш државјанин кои влегува на граничните премини во Република Северна Македонија, а патува од високо ризични или средно ризични земји, при влез, на граничниот премин да му издаде писмена наредба за спроведување задолжителна самоизолација и истиот да поптише писмена изјава под полна морална, материјална и кривична одговорност дека ќе изврши самоизолација во која ќе ги наведе своите лични генералии, со податоци за адресата и местото на престој за време на самоизолација.

9. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да подготви и итно до Владата да достави компаративна анализа за сите преземени мерки и начинот на нивното спроведување во земјите со висок и среден ризик.

10. Се задолжува Министерството за финансии – Царинска управа, во соработка со Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за надворешни работи, итно да формира работна група, со цел до понеделник да подготви информација/предлог за увоз-извоз на прехранбени продукти.

11. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја извести јавноста и економските субјекти дека достава на прехрамбени производи, медикаменти и останати потребни стоки на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа каде постои кризна состојба ќе се врши единствено во периодот од 8.00 до 14.00 часот.

Заради продолжување со работа на индустрискиот капацитет Кнауф Радика Дебар ќе биде овозможен безбеден проток на возилата со кои се врши транспорт на ресурси и стока во подрачјата каде што постои кризна состојба. Возилата со кои се врши дотур на стока и возилата на компанијата Кнауф ќе се упатуваат кон безбедносниот пункт во правец на ХЕЦ Шпиље и ХЕЦ Глобочица или безбедносниот пункт преку Бошков Мост, од каде само со полициска придружба ќе се упатува кон територијата на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа каде постои кризна состојба. Истоварот на стоката ќе го вршат исклучиво лица кои се веќе во подрачјето каде е прогласена кризна состојба, а на возачот на возилото или негов сопатник нема да му биде дозволено напуштање на возилото. По истоварот на стоката, возилото исто така со полициска придружба ќе се враќа кон еден од безбедносните пунктови каде по извршената дезинфекција ќе му се дозволува слободно движење надвор од територијата на која е прогласена кризна состојба.

12. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да даде упатства и препораки за итно и приоритетно постапување на сите јавни обвинителства во Република Северна Македонија во постапките процесуирани од страна на надлежните институции во врска со донесените одлуки, мерки и

препораки од страна на Владата на Република Северна Македонија, и другите надлежни државни институции.

13. Се препорачува на сите работодавачи во Република Северна Македонија, односно секое раководно лице на институцијата, во зависност од типот на работата и можностите, да ја организира работата и начинот на работа на вработените лица, преку работа од дома, без да се наруши редовното и нормалното функционирање на институцијата.

14. Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија овие заклучоци, мерки и препораки веднаш да ги објави на веб страницата на Владата и истите да ги достави до сите пишани и електронски медиуми, со цел редовно информирање на граѓаните.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |

Подготвил: Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Согласен:Дејан Јакимовски
Одобрил:Митра Спасовска